**20261472092**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 12 став (3) од Законот за задолжителни нафтени резерви (*) („Службен весник на Република Македонија“ бр. 144/14, 178/14, 199/15, 197/17, 7/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 150/21, 236/22 и 147/24), Владата на Република Северна Македонија на седницата, одржана на 30 јуни 2026 година, донесе

# ОДЛУКА ЗА КОЛИЧИНАТА И СТРУКТУРАТА НА ЗАДОЛЖИТЕЛНИТЕ РЕЗЕРВИ КОИ ЌЕ СЕ ЧУВААТ ВО 2026 ГОДИНА

Член 1

Со оваа одлука се пропишуваат количината и структурата на задолжителните нафтени резерви кои ќе се чуваат во 2026 година, врз основа на нето увозот на нафтени деривати во земјата во 2025 година.

Член 2

Количината на задолжителните резерви до 31.12.2026 година ќе изнесува 163,3 килотони.

Член 3

Структурата на задолжителните резерви од членот 2 на оваа одлука ќе биде:

| Вид на нафтен дериват | Вкупни количини на задолжителни резерви до 31.12.2026 (ктон) |
|---|---|
| Еуродизел БС | 124,8 |
| Еуросупер 95 БС | 24,2 |
| Екстра Лесно ЕЛ-1 | 9,1 |
| Мазут М1-НС | 5,2 |
| ВКУПНО | 163,3 |

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 57-3169/11
30 јуни 2026 година
Скопје

Претседател на комисија и
заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Љупчо Димовски,** с.р.